- Продекан наука
- WEB / огласна табла

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Бр. 13-2036/1
04.09.2009
Скопје

До

проф. д-р Атанас Кочов
Декан
Машински факултет
Скопје

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 2-11-2009 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 2973/1 | | |

**ПРЕДМЕТ:** Известување за отворен повик за прибирање на проектни апликации во рамки на ORIO програмата

Почитувани,

Програмата ORIO е програма на Холандската Влада, финасирана од страна на холандскиот министер за развојна соработка, која го поттикнува јавниот инфраструктурен развој на помалкуразвиените земји. Оваа програма преку финасиски грантови придонесува кон развој, имплеметација (изградба и/или проширување), оперативност и одржување на јавната инфраструктура во земјите во развој.

Главниот фокус на оваа програма е насочен кон потребите на земјата апликант. Токму поради овој факт, ORIO апликациите ги поднесуваат владите на земјите апликанти, а самата проектна идеја може да дојде како иницијатива од приватниот сектор и/или високообразовните институции.

Земјите кои можат да аплицираат за грантови на оваа програма се поделени во следните региони:

- Африка;
- Азија;
- Латинска Америка;
- Среден Исток;
- Централна и Источна Европа (во кој регион спаѓа и Република Македонија).

Селекцијата на проектните апликации се врши на база на конкурентност од страна на Холандската владина агенција за меѓународен бизнис и соработка, која

дејствува во име на министерот за развојна соработка. Главните кртетиуми според кои се оценуваат проектните апликации се:

- до кој степен проектната апликација придонесува за економскиот пораст и развојот на приватниот сектор во земјата; и
- одржливоста, социјалното влијание, влијанието врз околината и вклученоста на малите и средни претпријатија во самата проектна апликација.

Проекцијата на финасиските средства за проектната апликација мора да бидат помеѓу 2 милиони и 60 милиони евра. Финасискиот грант кој оваа програма го доделува за **развојната фаза** изнесува 50% од проектниот буџет, а за **фазата за имплеметација** е 35%, преостанатиот дел од проектираниот буџет го покрива Владата на земјата апликант.

**Конкурсот за поднесување на проектни апликации за програмата ORIO е отворен до 16 ноември 2009 година, пристигнати најдоцна до 17 часот централно европско време на ORIO адреса.**

Подетални информации околу програмата и самата проектна апликација можете да најдете на следната веб страница:

http://www.evd.nl/business/programmes/programmaint_ori.asp?land=ori

Имајќи во предвид дека проектните апликации се поднесуваат од страна на централната власт, Министерството за образование и наука во меѓувреме ќе развие критериуми за поддршка на подготвените проекти согласно приоритетите утврдени во Програмата за работа на Владата на Република Македонија.

Лице за контакт: Марија Кракутовска, соработник во Националната Темпус канцеларија при Министерството за образование и наука (тел./факс: 02 3 222 256, e-mail: Marija.Krakutovska@tempus.gov.mk).

Со почит,

**МИНИСТЕР**

**Никола Тодоров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * 2 * СКОПЈЕ *

**Доставено до:**
- **примач**
- **архива**

изготвил: Марија Кракутовска
одобрил: м-р Снежана Билиќ-Сотироска